...Акционерско друштво во државна сопственост за ...на воздушна навигација / ... давање услуги во воздухопловната н...
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kry...
vapmtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacion...
М-НАВ АД - M-NAV S...
Бр.-Nr. 1101 - 709/2
23.04 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ПОЛИТИКА НА УПРАВУВАЊЕ СО ИНТЕГРИРАН МЕНАЏМЕНТ СИСТЕМ - ИМС ВО М-НАВ А.Д.-СКОПЈЕ

*AMC1 ATM/ANS.OR.B.005(a)(2),*
*AMC1 ATS.OR.200(1)(i),*
*ATCO.OR.C.001(b),*
*AMC1 ATCO.OR.C.001(b)*

**М-НАВ А.Д.-Скопје** е посветен на постигнување на највисоко ниво на безбедност, квалитет и обезбедување при давање на своите услуги и функции на ефикасен, континуиран и одржлив начин, отворено и транспарентно, без дискриминација кон своите вработени и корисниците врз национална, полова, родова, расна, религиозна основа или други специфичности. На овој начин, систематски и проактивно се одржува менаџмент системот, како и соодветените технички и оперативни капацитети и стручноста на вработените.

*(ATM/ANS.OR.A.075, ATM/ANS.OR.B.001).*

Преку Политиката, Управниот одбор на М-НАВ А.Д.-Скопје јасно ја изразува својата посветеност за имплементација, одржување и континуиран развој на менаџмент системот.

Главна безбедносна цел е да да се минимизира придонесот на М-НАВ А.Д.-Скопје врз ризик од одреден безбедносен настан, сериозен инцидент или несреќа, давајќи истовремено експедитивна услуга.

*(AMC1 ATS.OR.200(1)(i) под (b)(3)).*

Во обезбедувањето на сите услуги, М-НАВ А.Д.-Скопје се залага за спречување на загадувањето, зачување и заштита на животната средина, како и одржување и подобрување на здрава и безбедна работна средина и безбедност и здравје при работа на вработените.

М-НАВ А.Д.-Скопје е посветен на структуриран и сеопфатен пристап кон управувањето, со интегрирање на процесот на управување со ризик во сите активности на организацијата. Ова вклучува идентификација на опасности и закани, проценка на ризик, како и на дефинирање и спроведување на мерки за намалување на ризикот на прифатливо ниво. На таков начин се одржува и подобрува соодветен, приспособен и динамичен процес на управување со ризикот, што придонесува за ефикасно донесување на одлуки со цел постигнување на поставените организациски цели.

Посветеноста на М-НАВ А.Д.-Скопје се одразува преку:

- подобрување кон највисоките стандарди на перформансите за да се поддржи постигнување на највисоко ниво на безбедност;
- усогласување со цел исполнување на сите важечки законски и други барања, земајќи ги во предвид примерите за најдобра пракса (best practice);
- спроведување на безбедноста како примарна одговорност на сите раководители и вработени;
- мерки за обезбедување со цел да ги заштити своите ресурси (вработени, услугата која ја обезбедува како и другите средства), М-НАВ А.Д.-Скопје придонесува за успешно реализирање и обезбедување на своите услуги во севкупниот воздушен сообраќај;

- исполнување на барањата на корисниците, разбирање и надминување на нивните очекувања, потпирајќи се на принципите на корпоративната општествена одговорност;
- континуирано подобрување на ефективноста и ефикасноста на менаџмент системот, одржливо управување, евалуација на перформанси/индикатори и (каде што е применливо) следење на животниот циклус на производите и услугите;
- обезбедување соодветни услови и средства, човечки и финансиски ресурси за непречено функционирање и постојано подобрување на менаџмент системот и имплементација на оваа Политика;
- обезбедување на највисоки стандарди за регрутирање и избор на вработени, што се доделуваат во согласност со нивните знаења, способности и вештини, како и подигање на свеста и нивна континуирана обука;
- примарна одговорност на сите раководители е да обезбедат услови за давање на услуги и функции на начин што ќе овозможи постигнување на највисоко ниво на безбедност во воздушниот простор каде што се дава услугата;
- редовно разгледување и ревизија на дејствијата, упатствата и процедурите во рамките на менаџмент системот, со цел подобрување и постојано усогласување со прописите;
- развој и верификација на планови за вонредни ситуации (contingency plans) со цел да се минимизираат последиците и да се обезбеди најбрзо враќање на нормалното функционирање на системот;
- принципот дека целта на пријавувањето е подобрување, а не посочување на вина на поединци;
- управување со деловните процеси и контролирање на сите аспекти кои можат да имаат влијание врз климатските промени, нивоата на бучава, квалитетот и зачувувањето на воздухот, водата и почвата природните карактеристики на животната средина;
- спроведување на мерки за управување со стресот, CISM (Управување со стресот од критични инциденти), заморот, употреба на опојни droги и психоптропни супстанции.

Имплементацијата, одржувањето и континуираното подобрување на ефективноста на менаџмент системот овозможува целосна контрола, следење и трајно подобрување на ефективноста и ефикасноста на сите деловни процеси.

Скопје, април 2024 година

м.п.

УО на М-НАВ А.Д.- Скопје
Këshilli Drejtues i M-NAV Sh.A. Shkup

Милан Кораќ, Претседател
Hekuran Asani, член
d-r Hasim Deari, член